Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 83/0306
19.04 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 05 април 2023 година, врз основа на примена жалба од Ина Џугуманова, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Текстот со наслов „Починат маж пред банка во скопската населба Аеродром“, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 2 март 2023 година, Ива Џугуманова во сопствено име поднесе жалба за текстот со наслов **„Починат маж пред банка во скопската населба Аеродром“**, објавен на порталот Скопје Инфо (Skopje Info.mk) на 2 март 2023 година, во пдф верзија и линк до објавата, како и скриншот од повеќе вести за истата случка објавени на агрегаторот Тајм.мк, исто така на 2. Март 2023 година. Жалителката ја навела како основа на жалбата „Нарушување на приватноста“, при што истакнува:

**„Неетички е да се фотографираат луѓе кои се наоѓаат на место на несреќа каде има починато лице, а особено поради тоа што на фотографијата се лица пријатели и роднини на починатото лице. Веста преку Скопје инфо.мк ја пренесоа голем број на интернет портали“,** наведува жалителката, по што го наведува линкот кој води до објави во други онлајн медиуми.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со редакцијата на порталот „Скопје Инфо“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

До истекот на рокот предвиден од документите на СЕММ, 20.03.2023, како и до датумот на одржување на седницата на Комисијата за жалби на СЕММ на 05.04.2023, не е добиено одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 5 март 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Во расправата што ја водеше за оваа жалба, Комисијата не утврди прекршување ниту на членот 7 од Кодексот на новинарите на Македонија, кој гласи: „Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост, а не најде прекршување ниту по други членови од Кодексот и Насоките за известување на онлајн медиумите, при што посебно се задржа на членот 8, кој го третира и прашањето на сензационализмот во новинарството.

Комисијата најпрво го разгледуваше текстуалниот дел во веста. Комисијата констатираше дека тој е внимателно срочен, дека насловот одговара на содржината, како и дека е направена внимателна дистинкција во самата вест од тоа што се официјални, а што неофицијални информации. Исто така е наведен изворот на неофицијалните информации и на фотографијата, а тоа се социјалните мрежи, како и фактот дека официјалните органи, пред се МВР се уште не излегле со потврда на наведеното во веста.

Потоа Комисијата посвети внимание на самата фотографија, со оглед на фактот што жалителката наведува дека на фотографијата „се лица, пријатели и роднини на починатото лице“. Иако ова упатува на непочитување на „личната болка и жалост“ при несреќи, како што упатува член 7 од Кодексот и на сензационализам „при известување од несреќи и семејни трагедии“, како што е тоа регулирано во член 8 од Кодексот, Комисијата утврди дека не се прекршени овие членови од едноставна причина што фотографијата е со мала „пикселажа“, дека моментот на фотографирање е извршен од доволно голема далечина, така што ниту при зголемување на фотографијата не може да се препознаат идентитетите на лицата кои се покрај починатото лице, покриено со чаршав пред објектот на банката во Аеродром.

Комисијата заклучи дека основна дејност на информативните медиуми е да известуваат и за актуелни случувања и дневни настани од ваква природа и дека медиумот против кој е упатена жалбата тоа го сторил доволно професионално за да не бидат нарушени етичките правила што се опишани во Кодексот и Насоките.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски Претседател на Комисијата за жалби

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595